Градоначалникот на Општина Аеродром –Скопје согласно член 17 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/20), член 61-е од Статутот на Општина Аеродром („Службен гласник на Општина Аеродром ’ бр.20/12, 21/14, 23/14, 4/19, 1/21) и Одлуката за давање согласност за распишување Јавен повик за свикување иницијативен одбор за конституирање на локалното собрание на млади на Општина Аеродром бр.09-191/24 од 20.05.2021 година донесена на 55 седница на Советот на Општина Аеродром („Службен гласник на Општина Аеродром “ бр.8/21), Општина Аеродром објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**

за формирање Иницијативен одбор за конституирање Локално собрание за млади на Општина Аеродром

Јавниот повик се распишува за основање на иницијативен одбор во општина Аеродром, Република Северна Македонија, кои ќе бидат дел од иницијативата за основање локален младински совет во општина Аеродром.

Иницијативниот одбор ќе го сочинуваат 9 члена .

Членови на иницијативниот одбор можат да бидат млади номинирани од младински организации или друг тип младински структури од општина Аеродром.Иницијативниот одбор ќе го води основањето на локалниот младински совети, ќе работи на креирање на структурата на телата и промоција на потребата од младинско организирање и младинско учество на локално ниво.

Членовите на иницијативните одбори ќе бидат континуирано вклучени во активностите за формирањето на локалниот младински совет, се до формирањето на Основачко локално собрание на млади .

**Критериумите за организациите кои сакаат да номинираат свој претставник како член во иницијативниот одбор се следните:**

- Да се младински здруженија,
- Организации за млади,
- Подмладоци на политички партии,
- Средношколски или студентски заедници,
- Спортски друштва,
- Културно-уметнички друштва,
- Други форми на здружување на млади, формални или неформални здруженија на млади;
- Да се регистирани и/или делуваат на подрачјето на општина Аеродром
- Да имаат интерес за развој на младинското здружување на локално ниво;

**Критериуми кои треба да ги исполнуваат младите лица кои сакаат да се вклучат во иницијативниот одбор се:**

- Да бидат жители на општина Аеродом,
- Да бидат на возраст од 15 – 29 години.,
- Да бидат креативни и способни за индивидуална тимска работа.

**ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ДОКУМЕНТИ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ**

- Портфолио на организацијата/групата/здружението
- Годишна Програма за работа на организацијата/групата/здружението
- Извештај за активностите со млади во изминатата (2020) година на организацијата/групата/здружението
- Писмо со номинација за член во Иницијативниот одбор и контакт-информации
- Кратко мотивациско писмо и кратка биографија од номинираниот член
- Кратко мотивациско писмо и кратка биографија од кандидатот за член (жител на возраст од 15 до 29 години)

**Начин на пријавување:**

Сите заинтересирани млади лица или младински организации или други младински структури кои ги исполнуваат условите на повикот предлозите за кандидат за членови на Иницијативниот одбор за создавање на Локален младински совет на општина Аеродром се доставуваат во архивата на општината во затворено плико со назнака " Предлог кандидат за избор на членови за Иницијативен одбор за создавање на Локален младински совет", на следната адреса:
Општина Аеродром – Скопје, Бул. " Јане Сандански" бр 109 б.

Рок за пријавување: 7 работни дена од денот на објавување на огласот.

Градоначалник
Златко Марин

Република Северна Македонија Општина Аеродром Скопје